| | |
|---|---|
| | |
| **СКОПЈЕ** | **ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ - ОХРИД** |
| **23 МАРТ 2011** | **WWW.OI.ORG.MK** |
| **02/ 322 44 57** | **Email: info@oi.org.mk** |

# ИЗВЕШТАЈОТ ЈА НАГЛАСУВА ПОВРЗАНОСТА ПОМЕЃУ ПРАВАТА НА СОПСТВЕНОСТ И ЕКОНОМСКАТА ДОБРОСОСТОЈБА

*Меѓународниот индекс за права на сопственост 2011 рангира 129 држави, 97 проценти од светскиот БДП*

Скопје- **Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД** го објавува издавањето на Меѓународниот индекс за права на сопственост за 2011 год. (ИПРИ), кој ги мери интелектуалните и физичките права на сопственост на 129 држави од целиот свет. Оваа година, Институтот ОХРИД заедно со повеќе меѓународни организации ширум светот, беа партнери на Алијансата за права на сопственост во Вашингтон и на Програмата на Хернандо де Сото за создавање на петтиот годишен ИПРИ.

ИПРИ користи три примарни области на права на сопственост за да создаде сложени поени: **Правна и политичка средина, Права на физичка сопственост и Права на интелектуална сопственост.** Најважно од се, ИПРИ ги нагласува големите економски разлики помеѓу земјите кои имаат строги права на сопственост и оние кои немаат. Земјите кои спаѓаат во првиот квантил уживаат просечен национален БДП по глава на жител од 38 350 долари, двојно повеќе од вториот квантил со просечен БДП од 18 701 долари. Третиот, четвртиот и петтиот квинтил имаат просек од 9 316, 5 065 и 4 785 долари.
Република Македонија во Меѓународниот индекс за права на сопственост го завзема 87-мото место, што е подобрување за 10 места во споредба со 2010 год. Според ИПРИ рангирањето, Република Македонија има 4.7 поени, што е за 0.6 проценти поголемо од ИПРИ 2010 (4.1). Според клучните компоненти на Меѓународниот индекс за права на сопственост, во табелата за Правната и политичка средина, Република Македонија има 4.6 поени, што е за 0.5 проценти повеќе од ИПРИ 2010 (4.1) и се наоѓа на 69-тото место. Во поглед на Физичките права на сопственост, Република Македонија има 5.5 поени, што е за 0.5 проценти повеќе од ИПРИ 2010 (5.0) и се наоѓа на 97-тото место. Во варијаблата на Правата на интелектуална сопственост, Македонија има 3.9 поени, што е за 0.8 проценти повеќе од поените во 2010 год. (3.1) и се наоѓа на 103-тото место. Според табелата од ИПРИ (Полова еднаквост), Македонија има 6.5 поени и се наоѓа на 38-тото место, а според табелата од Полова еднаквост, Македонија има 9.0 поени и се наоѓа на 31-тото место.

| СКОПЈЕ | ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ - ОХРИД |
|---|---|
| 22 МАРТ 2011 | WWW.OI.ORG.MK |
| 02/ 322 44 57 | Email: info@oi.org.mk |

Од клучните компоненти на Индексот, може да се види дека Македонија направила значителен напредок во сите три компоненти во 2011 год. Сите подкомпоненти на Правната и политичка средина се зголемија. Особено значајно е тоа што *Судската независност* е подобрена за 1.2 поени.
И правата за физичка сопственост забележија напредок, како и подкомпонентите. Пристапот до кредити забележа пораст од 0.5 поени, иако од сите субкомпоненти е најслаб со само 2.9 поени.
Поените за Правата на интелектуална сопственост исто така се подобрија. Експертското мислење за заштитата на правата на интелектуална сопственост се зголеми за за 1.4 поени.

Хернандо де Сото, чија работа во правата на сопственост доведе до отпочнување на ИПРИ, коментираше на изданието за 2011 год.: „ИПРИ за 2011 година уште еднаш ја потенцира очигледната врска помеѓу земјите кои имаат најголема економска сила и помеѓу земјите со најстрога заштита на Правата на сопственост. Гледајќи ги трендовите од изминатите 4 изданија на ИПРИ, најновиот индекс продолжува да покажува напредок во заштитата на Правата на сопственост ширум светот, но истовремено привлекувајќи внимание и на подобрувањата кои мораат да се постигнат, особено на проширувањето на универзалните Права на сопственост."

Меѓународниот индекс за правата на сопственост ќе и овозможи на јавноста, истражувачите и креирачите на политики ширум светот, една алатка за компаративна анализа понатамошно изтражување за глобалните права на сопственост. Индексот има за цел да им помогне на земјите кои заостануваат да развијат крупни економии преку ставање акцент на еден здрав закон за сопственост.
Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД е дел од организациите кои се дел од Алијансата за права на сопственост во Вашингтон како и на програмата на Хернандо де Сото за дистрибуирање на извештајот. Слободниот пазар, претрпиемништвото, како и правата на сопственост се фундаментални вредности наведени во Уставот на Република Македонија. Индексот се стреми да им помогне на земјите кои недоволно направиле во полето на заштитата на правата на сопственост, да развијат цврста економија со акцент на цврст закон за сопственост.

| | |
|---|---|
| IPRI International Property Rights Index | ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД |
| **СКОПЈЕ** | **ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ - ОХРИД** |
| **22 МАРТ 2011** | **WWW.OI.ORG.MK** |
| **02/ 322 44 57** | **Email: info@oi.org.mk** |

Институтот ОХРИД со Меѓународниот индекс за права на сопственост ќе им понуди на јавноста, истражувачите, аналитичарите, креаторите на политики во Република Македонија инструмент за компаративна анализа и идно истражување за глобалните права на сопственост во државите низ светот.

Мисијата на Институтот ОХРИД е да им обезбеди на македонската јавност и на политичките институции алтернативни перспективи за прашањата од областа на економијата и надворешната политика, за постигнување на слободно, правично и просперитетно општество. Работата на Институтот ОХРИД се базира на универзалните идеали на демократија, индивидуална одговорност, слободна пазарна економија и претприемништво. За повеќе информации во однос на Индексот може да се обратите во просториите на Институтот ОХРИД. На ваше барање, Институтот ОХРИД ќе обезбеди по еден примерок од извештајот за натамошна анализа.

* * *